РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-6081/6
10-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен Весник на Република Македонија број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 51 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 01.09.2021 година, ДКСК донесе

# О Д Л У К А

Наводите од пријавата со бр. 09-1014/1 од 05.03.2019 година кои се однесуваат за вработување на лицето ------ во -------------, блиско лице на директорот и на претседателот на Училишен одбор на истото училиште, не се потврдуваат. Исто така настаната е промена на фактичка состојба, по што постапката за утврдување судир на интереси во однос на конкретниот случај од пријавата СЕ ЗАПИРА. ДКСК нема основ за натамошно надлежно постапување во конкретниот случај.

Предметот со број 09-1014/1 од 05.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-1014/1 од 05.03.2019 година е оформен по поднесена пријава од познат подносител, со наводи дека е извршено влијание за вработување на лицето --------- во -----------.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и го утврди следното:

Лицето ---------- е вработено во наведеното училиште од 11.09.2018. Склучен е еден Договор за вработување на определено време од 11.09.2018 год до 30.11.2018 година, друг од 01.12.2018 година до 31.08.2019 година и од 01.09.2019 до 30.11.2019 година.

Во однос на вработувањето на ---------- за учебната 2018/2019 година поднесен е приговор од страна на -------------- , по што е даден одговор од страна на претседателот на училишниот одбор на наведеното училиште дека применот кандидат за работно место наставник по албански јазик ги исполнува сите услови во согласност со огласот објавен од страна на училиштето.

Во однос на огласот за вработување за учебната 2019/2020 година има постапувано по пријава Државниот инспекторат за труд кој утврдил дека на огласот се пријавени две лица: --------- и -----------. Училишниот одбор при ------------ по одржана седница и по реализирано интервју одлучи да му предложи на директорот на училиштето како најсоодветен кандидат за работно место наставник по албански јазик да биде избран кандидатот --------------.

Од страна на директорот е донесена одлука и извршен е избор на предложеното лице за работно место наставник по албански јазик. Лицето ----------- е дипломиран професор по албански јазик (180 ЕКТС) и приложена Одлука за јавна одбрана на магистерски труд од 26.12.2019 година и потврда без заверка со архивски број и печат од образовната институција, по што наведеното училиште не ги земала во предвид на разгледување приложените документи како валидни.

Исто така, извршен е и вонреден инспекциски надзор од страна на Државен просветен инспекторат по што не се утврдени неправилности во однос на објавениот оглас за вработување од 20.12.2019 година.

На ден 25.01.2021 година донесено е Решение за престанок на работен однос за лицето ---------- од страна на директорот на ------------------.

На ден 22.01.2021 година поднесена е оставка од претседателот на Училишниот одбор, ---------. Исто така, директорот на наведеното училиште ---------- поднесе Изјава, под целосна морална и кривична одговорност дека лицето ------------- не му е блиско лице согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

На седницата одржана на ден 01.09.2021 година, по разгледување на сите предметни наводи, ДКСК поаѓајќи од одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со наводите за вработување на лицето -------- во --------- затоа што е настаната промена на фактичката состојба. Лицето не е вработено во ----------- и претседателот на училишниот одбор не ја извршува повеќе таа функција во истото училиште.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk